МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА
MACEDONIAN OCCUPATIONAL SAFETY AND HEALTH ASSOCIATION

МАКЕДОНСКИ ILO/CIS КОЛАБОРАТИВЕН ЦЕНТАР
ILO/CIS COLABORATING CENTRE IN MACEDONIA

# ИЗВЕШТАЈ ЗА НЕСРЕЌИ ПРИ РАБОТА

## Годишен извештај за 2013 - Смртни случаи, повреди и несреќи на работа

29 ноември 50, Скопје, Македонија I тел/факс: +389 (0)2 2774 868
емаил: kontakt@mzzpr.org.mk I веб: www.mzzpr.org.mk

**Предговор**

Пред Вас го имате годишниот Извештај за случените несреќи во Република Македонија, за периодот јануари - декември 2013 година. Како и секогаш напомнуваме дека овој извештај е независен извештај, составен и наменски издаден од најстарата професионална невладина организација од обласа на заштитата при работа во Република Македонија, со цел да послужи како соодветен референтен систем во оценувањето на состојбите со безбедноста и здравјето во Република Македонија, за разлика од официјалните податоци.

Според податоците кои успеавме да ги прибавиме во текот на 2013, можеме за првпат после повеќе години да забележиме намалување на смртните несреќи на работа. Заради останатите случени 28 смртни случаи, неможам да искажам задоволство дека сме напреднале во нашата работа, ами уверување дека тоа што го работиме како држава е правилното и дека навистина допринесува за намалување на залудно изгубените животи на работните места. Концептот на превенција кој го заговара Законот за безбедност и здравје при работа е вистинскатата насока во спречување на несаканите последици од работното место. Делот на постојаното образование за безбедноста и здравјето при работа допира до свеста до секој од вклучените во работниот процес, дали бил челниот човек на компанијата или работникот на машината. Едноставно станува збор за комплексен систем на превенција кој единствено има смисла пред да се случат несреќите на работното место. Откако ќе се случат – сето тоа е статистика и нема ништо заедничко со заштитата на работа!

Како што можете да забележите, и во ова издание на извештајот немаме вистинска претстава што ни се случува на полето на професионалните заболувања. Во таа област се уште сме во мрак. Едноставно немаме волја да направиме една сериозна анализа на случувањата и да станеме свесни за тоа навистина за колкав број на професионално заболени лица станува збор во Република Македонија и кои се тоа критичните професии кои ги произведуваат овие „професионалци".

Но сепак, колеги, пријатели, професионалци од обласа на безбедноста и здравјето на работа, инжинери за заштита при работа, почитувани инспектори од Министерството за труд и социјална политика, лекари по медицина на трудот, социјални партнери... ние сме на вистинскиот пат и се што треба да се случува во оваа професија единствено од нас зависи. Ова е наша област чие унапредување не зависи од никој друг, туку од секој нас лично.

Колку за продолжување на започнатото, ни фали:

1. Агенција за безбедност и здравје при работа
2. Фонд за безбедност и здравје при работа
3. Институт за безбедност и здравје при работа
4. Стандардизација на пристапот за проценка на ризик
5. Стандардизирани модуларни обуки за безбедност и здравје при работа
6. Податоци за професионалните заболувања
7. Терцијална медицина на трудот
8. Аналитички центар за обработка на податоците кои ги добиваме од несреќите на работа, професионалните заболувања, механизмите кои доведуваат до повреди
9. ....

Милан Петковски,

Претседател на Македонското здружение за заштита при работа.

П.С. Благодарам на сите колеги од МЗЗПР кои помогнаа во изготвувањето на овогодинешниот извештај за случените несреќи на работното место!

# НЕСРЕЌИ ПРИ РАБОТА ВО МАКЕДОНИЈА

Во 2013 година се случија 98 несреќи при работа. Од нив 28 беа фатални. Така, **стапката на смртни случаи при работа** во Македонија изнесува **4,08**, односно на секои 100.000 вработени, загинуваат 4 вработени. Стапката на смртни случаи при работа се намалила во споредба со 2012 година, кога изнесувала 6,8.

Меѓутоа иако бележиме пад на стапката, доколку се земе за споредба Велика Британија, каде стапката изнесува само 0,5, ќе констатираме дека Македонија сепак има прилично висока стапка на фатални несреќи при работа.

Кога пак како параметар ќе се земат повредите при работа, тогаш **стапката на повреди при работа** за 2013 година изнесува **10,2**, што покажува дека на секои 100.000 вработени, се повредуваат 10 вработени. Споредбено со минатата година, кога стапката на повреди при работа изнесувала 17,2, стапката на повреди за 2013 значително се намалила. За подетален приказ погледнете ја **Табела 1.**

***Табела 1***

| **СТАПКА НА НЕСРЕЌНИ СЛУЧАИ** | ВКУПНО | ПРИМЕРОК | ВКУПНО ВРАБОТЕНИ | СТАПКА |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **Повреди** | 70 | 100000 | 685479 | 10,21183727 |
| **Смртни случаи** | 28 | 100000 | 685479 | 4,084734908 |






# ПОВРЕДИ СПОРЕД ГРАДОВИ

Во однос на градот во кој се случила несреќата, **Скопје** останува град со најголем број на несреќи. По Скопје следат **Куманово** и **Тетово**. Оваа година во Скопје се случија и најголемиот број на смртни случаи поврзани со работното место. Целосен преглед на повредите и несреќите по градови е прикажан во **Табела 2.**

***<u>Табела 2</u>***

| НЕСРЕЌИ ПО ГРАДОВИ | ПОВРЕДИ | СМРТНИ СЛУЧАИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Битола** | 2 | 2 | 4 |
| **Велес** | 2 | | 2 |
| **Гостивар** | 2 | 1 | 3 |
| **Куманово** | 12 | 2 | 14 |
| **Македонска Каменица** | 2 | 1 | 3 |
| **Прилеп** | 1 | 1 | 2 |
| **Пробиштип** | 6 | | 6 |
| **Скопје** | 17 | 10 | 27 |
| **Струмица** | 4 | 1 | 5 |
| **Тетово** | 5 | 3 | 8 |
| **Штип** | | 1 | 1 |
| **Свети Николе** | 1 | 1 | 2 |
| **Кичево** | 3 | 1 | 4 |
| **Берово** | 1 | | 1 |
| **Радовиш** | | 1 | 1 |
| **Кавадарци** | 1 | 1 | 2 |
| **Дојран** | 1 | | 1 |
| **Валандово** | 3 | 2 | 5 |
| **Пехчево** | 6 | | 6 |
| **Ресен** | 1 | | 1 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | 70 | 28 | 98 |


ПОВРЕДИ СПОРЕД ГРАДОВИ ЗА 2013
ПОВРЕДИ
2
2
2
12
2
1
6
17
4
5
1
3
1
1
1
3
6
1
Битола
Велес
Гевгелија
Гостивар
Куманово
Македонска Каменица
Прилеп
Пробиштип
Скопје
Струмица
Тетово
Свети Николе
Кичево
Берово
Кавадарци
Дојран
Валандово
Пехчево
Ресен


СМРТНИ СЛУЧАИ ПО ГРАДОВИ ЗА 2013
СМРТНИ СЛУЧАИ
2
1
2
1
1
10
1
3
1
1
1
1
1
2
Битола
Гостивар
Куманово
Македонска Каменица
Прилеп
Скопје
Струмица
Тетово
Штип
Свети Николе
Кичево
Радовиш
Кавадарци
Валандово


ВКУПНО НЕСРЕЌИ ПО ГРАДОВИ ЗА 2013
ВКУПНО
4
2
3
14
3
2
6
27
5
8
1
2
4
1
1
2
1
5
6
1
Битола
Велес
Гостивар
Куманово
Македонска...
Прилеп
Пробиштип
Скопје
Струмица
Тетово
Штип
Свети Николе
Кичево
Берово
Радовиш
Кавадарци
Дојран
Валандово
Пехчево
Ресен

# НЕСРЕЌИ СПОРЕД ДЕЈНОСТИ

Несреќите по дејности се класифицирани според националната класификација на дејности (НДК). Во 2013 година најмногу несреќи има во **„Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби,"** по што следи **„Градежништво"**. Најголем број на несреќи кои резултирале во смрт има во „Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби", по што повторно следи дејноста „Градежништво". Целосниот преглед е претставен во **Табела 3**.

***Табела 3***

| ДЕЈНОСТ | КЛАСА | ПОВРЕДИ | СМРТНИ СЛУЧАИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство | A/A 01 | **2** | | **2** |
| Рударство и вадење камен | B/Б 05 | | | **0** |
| | B/Б 07 | **5** | **2** | **7** |
| Преработувачка индустрија | C/B 10 | | **1** | **1** |
| Поправка на машини | C/B 33 | **2** | | **2** |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | D/Г 35 | **3** | **1** | **4** |
| Градежништво | F/Ѓ 41 | **13** | **7** | **20** |
| Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | G/E 45 | **1** | | **1** |
| Транспорт и складирање | H/Ж 49 | **7** | **4** | **11** |
| Заштитни и истражни дејности | N/Л 80 | **2** | **1** | **3** |
| Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување | O/Љ 84 | **9** | | **9** |
| Образование | P/M 85 | **2** | | **2** |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | Q/H 86 | **1** | | **1** |
| Дејности на коцкање и обложување | 92 | **2** | **2** | **4** |
| Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | T/П 98 | **21** | **10** | **31** |
| Вкупно | | **70** | **28** | **98** |

Како и изминатите години, така и оваа, при смртен случај или потешка повреда на работно место постојат различни инспекциски служби кои се надлежни за вршење увид. Во рударството увид во несреќите врши рударски инспектор. Инспекцијата за заштита при работа во состав на Министерството за труд и социјална политика не врши увид и не води евиденција за несреќи на работници во сообраќај, во секторот на полиција, одбрана и за несреќи настанати при вршење дејност во домаќинствата. Поради ова постои можност за разлика во бројките за несреќи кои ги водат различни институции.

Во делот на дејности на домаќинствата, исто како и во изминатите две години, најголемиот број на несреќи се случиле со земјоделска машина - трактор, при вршење на земјоделски работи, транспорт или при учество во сообраќај. Доколку овие лица биле регистрирани како земјоделци тогаш голем дел од овие несреќи би поминале во групата на земјоделство.

ПРИЧИНИТЕЛИ НА НЕСРЕЌИТЕ ПРИ РАБОТА

Поради потребата од детална истрага и анализа за да се утврдат вистинските причинители за секоја повреда или смртен случај, не сме во можност да направиме соодветна класификација. Односно најчесто од нашите извори (медиумите) немаме целосни податоци за причинителот на повредата или целосен и точен опис на настанот. Ова ќе можеме да го класифицираме во моментот кога за извори на податоците ќе имаме релевантни податоци согласно одредена методологија на водење на несреќите.

# ПОДЕЛБА НА НЕСРЕЌИТЕ ПО ДЕНОВИ

Бидејќи податоците кои ги објавуваме се однесуваат на сите дејности согласно НКД, постои изедначеност на несреќите по денови. Затоа имаме несреќи при вршење дејност и во сабота и недела. При оваа анализа утврдено е дека најмногу несреќи и смртни случаи имало во **вторник**, но најголем број на повреди имало во **четврток**.

***Табела 4***

| ДЕН ВО НЕДЕЛАТА | БРОЈ НА НЕСРЕЌИ | ПОВРЕДИ | СМРТ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ПОНЕДЕЛНИК** | 15 | 10 | 5 |
| **ВТОРНИК** | 22 | 14 | 8 |
| **СРЕДА** | 9 | 8 | 1 |
| **ЧЕТВРТОК** | 20 | 16 | 4 |
| **ПЕТОК** | 9 | 5 | 4 |
| **САБОТА** | 17 | 13 | 4 |
| **НЕДЕЛА** | 6 | 4 | 2 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | 98 | 70 | 28 |

## ПОВРЕДИ ПО ДЕНОВИ ВО НЕДЕЛАТА ЗА 2013




## СМРТНИ СЛУЧАИ ПО ДЕНОВИ ВО НЕДЕЛАТА ЗА 2013




## НЕСРЕЌИ ПО ДЕНОВИ ВО НЕДЕЛАТА ЗА 2013



# НЕСРЕЌИ ПО МЕСЕЦИ

Според резултатите добиени од анализа на несреќите при работа, по месецот во кој се случиле, можеме да видиме дека најмногу несреќи се случиле во **мај**, кога имаме и најголем број на смртни случаи. Најголем дел од несреќите се случиле во пролетните и летните месеци, бидејќи е тоа период на интензивно извршување на градежни и земјоделски работи. И повторно помал број на несреќи како и минатите години имаме во зимските месеци, поради намалената активност. Прегледот по месеци е даден во **Табела 5.**

***Табела 5***

| МЕСЕЦ ВО ГОДИНАТА | БРОЈ НА НЕСРЕЌИ | ПОВРЕДИ | СМРТ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ЈАНУАРИ** | 2 | 2 | |
| **ФЕВРУАРИ** | 7 | 4 | 3 |
| **МАРТ** | 4 | 3 | 1 |
| **АПРИЛ** | 6 | 6 | |
| **МАЈ** | 15 | 11 | 4 |
| **ЈУНИ** | 10 | 7 | 3 |
| **ЈУЛИ** | 10 | 6 | 4 |
| **АВГУСТ** | 11 | 9 | 2 |
| **СЕПТЕМВРИ** | 12 | 9 | 3 |
| **ОКТОМВРИ** | 5 | 3 | 2 |
| **НОЕМВРИ** | 8 | 5 | 3 |
| **ДЕКЕМВРИ** | 6 | 5 | 3 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | 98 | 70 | 28 |


ПОВРЕДИ ПО МЕСЕЦИ ВО ГОДИНАТА ЗА 2013
ПОВРЕДИ
2
4
3
6
11
7
6
9
9
3
5
5
ЈАНУАРИ
ФЕВРУАРИ
МАРТ
АПРИЛ
МАЈ
ЈУНИ
ЈУЛИ
АВГУСТ
СЕПТЕМВРИ
ОКТОМВРИ
НОЕМВРИ
ДЕКЕМВРИ


СМРТНИ СЛУЧАИ ПО МЕСЕЦИ ВО ГОДИНАТА ЗА 2013
СМРТ
3
1
4
3
4
2
3
2
3
3
ФЕВРУАРИ
МАРТ
МАЈ
ЈУНИ
ЈУЛИ
АВГУСТ
СЕПТЕМВРИ
ОКТОМВРИ
НОЕМВРИ
ДЕКЕМВРИ


БРОЈ НА НЕСРЕЌИ ПО МЕСЕЦИ ВО ГОДИНАТА ЗА 2013
БРОЈ НА НЕСРЕЌИ
2
7
4
6
15
10
10
11
12
5
8
8
ЈАНУАРИ
ФЕВРУАРИ
МАРТ
АПРИЛ
МАЈ
ЈУНИ
ЈУЛИ
АВГУСТ
СЕПТЕМВРИ
ОКТОМВРИ
НОЕМВРИ
ДЕКЕМВРИ

# НЕСРЕЌИ ПО ВОЗРАСТ

Според добиените податоци најголем број несреќи се случиле кај лицата на возраст помеѓу **45** и **54** години. Меѓутоа, најголем број на несреќи со фатален исход има во категорија на работници на возраст од **55** до **64** години. Мора да се истакне дека за голем број на несреќи нема податоци за возраста. Целосниот преглед на несреќи според возраст можете да го погледнете во **Табела 6**.

***Табела 6***

| ВОЗРАСТ | БРОЈ НА НЕСРЕЌИ | ПОВРЕДИ | СМРТ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **18 - 24** | 4 | 3 | 1 |
| **25 - 34** | 10 | 6 | 4 |
| **35 - 44** | 10 | 6 | 4 |
| **45 - 54** | 24 | 19 | 5 |
| **55 - 64** | 18 | 6 | 12 |
| **НАД 64** | 3 | 1 | 2 |
| **НЕПОЗНАТО** | 29 | 29 | |
| | | | |
| **ВКУПНО** | 98 | 70 | 28 |


ПОВРЕДИ ПО ВОЗРАСТ ЗА 2013
ПОВРЕДИ
3
6
6
19
6
1
29
18 - 24
25 - 34
35 - 44
45 - 54
55 - 64
НАД 64
НЕПОЗНАТО


СМРТНИ СЛУЧАИ ПО ВОЗРАСТ ЗА 2013
СМРТ
1
4
4
5
12
2
18 - 24
25 - 34
35 - 44
45 - 54
55 - 64
НАД 64


НЕСРЕЌИ ПО ВОЗРАСТ ЗА 2013
БРОЈ НА НЕСРЕЌИ
4
10
10
24
18
3
29
18 - 24
25 - 34
35 - 44
45 - 54
55 - 64
НАД 64
НЕПОЗНАТО

# НЕСРЕЌИ ПО ПОЛ

Во согласност со нашите податоци и оваа година поголемиот број на повреди и смртни случаи спаѓаат во категоријата **мажи**. Од вкупно 98 несреќи, 10 спаѓаат во категоријата **жени**, што сепак е многу повеќе од минатата година кога беа забележани 4 несреќи. Целосниот преглед погледнете го во **Табела 7**.

***Табела 7***

| ПОЛ | ПОВРЕДИ | СМРТНИ СЛУЧАИ | НЕСРЕЌИ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **МАЖИ** | 62 | 26 | 88 |
| **ЖЕНИ** | 8 | 2 | 10 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | 70 | 28 | 98 |









# ИЗВОР НА ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ НА НАСТАНАТИ НЕСРЕЌИ ПРИ РАБОТА

Македонското здружение за заштита при работа како извор за добивање на податоци за настанати несреќи при работа во 2013-та година ги користеше информациите објавени во пишаните медиуми во Р. Македонија. Добиените информации за настанати несреќи при работа од медиумите беа основа за направената анализа на податоците која е прикажана претходно.

Македонското здружение за заштита при работа, со цел добивање на комплетни податоци за настанати несреќи при работа и смртни случаи во Р. Македонија за 2013 годи, побара официјални податоци за истите од:

- Државен завод за статистика на Р. Македонија
- ЈЗУ Институт за јавно здравје
- Државен инспекторат за труд
- Фонд за здравствено осигурување на Македонија
- Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија
- ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Р. Македонија - Скопје
- Организација на работодавачи на Македонија
- Сојуз на синдикатите на Македонија
- Конфедерација на слободни синдикати на Македонија
- Министерство за економија
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

# РЕЗИМЕ

Повторно сметаме дека е потребно да нагласиме, дека целта на овој извештај е поттикнување на оние кои што учествуваат во овој процес да вложат максимален напор кон добивање на усогласени податоци за реалната состојба во областа на водење евиденции во областа на безбедноста и здравјето при работа.

Целта не е само усогласување на бројките, туку овие бројки поткрепени со низа други статистички податоци да бидат анализирани за да добиеме одредени заклучоци, да видиме каде се слабостите и да предлагаме соодветни мерки за надминување на проблемите. Доколку само добиеме релевантни бројки без соодветна анализа целта е промашена. Овој процес мора реално да заживее и во Р. Македонија.

Покрај донесените законски решенија за водење на евиденција во оваа област потребно е и донесување на подзаконски акти кои точно ќе ги дефинираат потребните податоци при евидентирањето, кои се потребни за подетални истраги, донесување заклучоци и предлагање соодветни мерки.

Меѓутоа неретко во пракса се сретнуваме со недоволно познавање на обврските на лицата кои треба да учествуваат во деловите од процесот, како и немарниот пристап поради непознавање или други побуди. Поради тоа е потребно воведување на одговорност на сите учесници во процесот од лицата кои ги пополнуаат потребните документи до оние кои вршат нивна обработка. Исто така по усвојување на потребните обрасци потребно е да се изврши соодветна обука на сите кои учествуваат во процесот.

Во овој момент освен податоците на Државниот инспекторат за труд, кои произлегуваат од извршени увиди во несреќи при работа, ниту едни други податоци не можат сериозно да се анализираат и да се изведат соодветни заклучоци.

Доколку сакаме побрзо приближување кон Европската Унија ни претстои само уште мал број на подзаконски акти со кои ќе се воведе ESAW – Методологијата и многу работа за нејзино спроведување.